# МОНИТОРИНГ *извештај*
## ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РМ

## Извештај број 1

(период на известување:
јуни-септември 2018)

Скопје, октомври 2018

АКЦИЈА ЗА ПОГОЛЕМА транспарентност, отчетност и ефективност на СУДСКИОТ СОВЕТ НА РМ

Институт за човекови права

**Проект:**
**Акција за поголена транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет**

**Имплементатор:**
Институт за човекови права

Funded by UK Government

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ", финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# ВОВЕД

Мониторингизвештајот за работата на Судскиот совет на РМ, во период од јуни 2018 до септември 2018 година, е изработен во рамки на проектот *„Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ“*[1], со цел оценка на транпарентноста, отчетноста и ефективноста на Судскиот совет на Република Македонија (ССРМ). Проектот обезбедува континуитет на Институтот за човекови права во мониторирањето на работата на ССРМ, како продолжение на веќе спроведениот проект *„Зголемен јавен надзор над работењето на Судскиот совет на РМ“*. [2]

Институтот за човекови права има за цел полесно и посеопфатно да ги оцени транспарентноста, отчетноста и ефективноста во работењето на ССРМ преку присуство на јавни седници, следење на веб страната и преку слободен пристап до информации од јавен карактер.

Мониторинг-извештајот за транспарентноста, отчетноста и ефективноста на Судскиот совет на РМ е изготвен врз основа на Методологијата за следење и матрицата со утврдени индикатори.[3]

1 http://www.ihr.org.mk/project.php?pid=357

2 http://www.ihr.org.mk/project.php?pid=104

3 Објавена на www.ihr.org.mk

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ССРМ

## Транспарентност преку отворени седници на ССРМ

| | Јуни | Јули | Август | Септември |
|---|---|---|---|---|
| Отворени седници | 1 седница | 1 седница,<br>2 продолженија | 1 седница | 2 седници и<br>1 продолжение |
| Затворени седници | | 1 седница | | |

## Структура на јавност на отворените седници на ССРМ

На јавните седници на ССРМ се почитува начелото на транспарентност и во најголем број случаи, по точките од дневниот ред дискутираат членовите на ССРМ, со свои предлози или забелешки. Претседателот на ССРМ посебно обрнува внимание на објаснувањето на секоја точка од дневниот ред која е нејасна, дава појаснување и остава доволно време за дискусија.

Неколку пати дневниот ред, кој е објавен на веб страната, не соодветствуваше со дневниот ред по кој се работеше на седницата, бидејќи на самата седница се предлагаа нови точки за разгледување. Образложение за ваквото постапување беше дека по овие точки треба итно да се расправаа или пак истите не се јавно наведени, поради невнимание на службите, но за истите, на колегиум, е веќе разговарано меѓу членовите на ССРМ. Имаше ситуации кога беа предложени точки на дневен ред за кои јавноста особено е заинтересирана, (без разлика што се работи за прашања за кои се исклучува јавноста согласно со законот). Оваа појава може да доведе до перцепција дека со избегнувањето на јавно ставање на тие точки на дневен ред, на веб страната, тоа би предизвикало поголемо внимание од јавноста, на новинарите, а на овој начин за истите ќе се расправа без поголем публицитет и ќе се избегнат изјави во врска со нив.

## Видови објави

| Вид на објава | Навременост | Целосност | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **Соопштение** | Навремено | Делумно | Соопштенијата за одржаните седници се кратки. Се наведуваат само усвоените точки од дневниот ред, без да има образложение.<br><br>Секое известување е насловено како „соопштение“, без разлика на содржината на истото. |
| **Одлуки** | Делумно | Делумно | Се објавуваат само одлуки за избор на судии и претседатели на судови, а други одлуки не се објавуваат. |
| **Записници** | Делумно | Целосно | Објавувањето на записниците временски е поврзано со усвојувањето на седница на ССРМ, а тоа може да биде и по неколку недели од седницата за која се однесува записникот.<br><br>До сега јавноста не била присутна во делот на гласањето по точките кои се затворени за јавноста, ниту пак гласањето во овој дел е објавено во записниците. Обврската за јавност на гласањето, за точките кои се нејавни како законска обврска, се воведе со законските измени од декември 2017 година. |

4 Со предлог измените на Законот за Судски совет од јануари 2018 г. повторно се укинува обврската за објавување на записниците од седниците.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Извештаи** | Навремено | Делумно | Кварталните извештаи за работа на судовите, како и Годишниот извештај на ССРМ се објавуваат, но другиот тип извештаи, кои се во надлежност на ССРМ, не се објавени на веб страната. |
| **Други информации** | Навремено | Делумно | Се објавуваат информации од позначајни посети на делегации и експерти, но и патувања во странство за присуство на конференции. |

## Присуство на Судскиот совет во јавноста

Временскиот период за кој е изготвен Мониторинг-извештајот се совпаѓа со судската ферија, така што во овој период и нема позначајни активности на Сускиот совет по однос на обраќањето кон пошироката јавност. Зголемена заинтересираност за работата на ССРМ медиумите пројавија по изјавата на претседателот за Извештајот од СЈО. Неговата изјава, дадена во септември на ТВ 24, се пренесе во повеќе медиуми.

**Анализа на содржината на објавите на Судскиот совет на Република Македонија (суштинска транспарентност)**

- За активностите на претседателот и членовите на ССРМ, може да се дознае од соопштенијата кои се објавуваат на веб страната. Тие пак се со основни информации за некоја средба или настан, без поголемо навлегување во суштината на одржаната средба или пак за присуството на настанот. Се воспостави практика по секоја седница на која присуствуваат новинари и медиуми, претседателот да даде изјава во врска со темите од седницата, како и да одговара на поставени прашања од новинари

**Анализа на содржината на дел од медиумските настапи, изјави, интервјуа, дебати, со цел да се оцени содржинската димензија или квалитетот на известувањето за работата на Судскиот совет на Република Македонија;**

- Изборот на член на ССРМ не беше доволно медиумски покриен, но и ССРМ недоволно ја извести јавноста за изборот. Имено, на веб страната се објави кратко соопштение во кое беше наведено само името на новоизбраниот член, без да се наведат подетални релевантни информации (колку судии гласале, со колкав број е избран новиот член, итн.). .

## ОТЧЕТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со законските измени, донесени во декември 2017 година, ССРМ има должност Годишниот извештај за својата работа, за претходната година, да го поднесе до Собранието на РМ најдоцна до 30 април во тековната година. До сега јавноста нема сознанија кои ќе бидат следните чекори од Собранието на РМ, во однос на Извештајот за работа на ССРМ за 2017 година, со оглед на тоа дека Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците при Собранието на РМ не даде зелено светло за негово усвојување. Од расположливите

информации може да се види дека претседателот на ССРМ, на 3 септември 2018 год, го бранеше Годишниот извештај за работата на ССРМ за 2016 година, а гласањето за истиот ќе се одржи на некое од следните продолженија на 32-та седница на Собранието на РМ. Од овие податоци може да заклучиме дека, во однос на донесување одлука за (не)усвојување на двата последни годишни извештаи на ССРМ, Собранието на РМ постапува неажурно.

## ЕФЕКТИВНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- Во првата половина од годинава најголем дел од судовите се ажурни, но неколку судови не успеале да го совладаат решавањето на приливот на нови предмети и се сметаат за неажурни. Причина за тоа е недоволниот број на судии во основните судови, недостатокот на техничка опрема, како и недостаток на просторни и човечки капацитети за нормално функционирање на судовите. Не се видиливи презамените дејствија од ССРМ за ублажување на оваа состојба.

- Избор на член на ССРМ (од редот на судиите припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија) се одржа на 5 септември 2018 година. Дури кон крајот на септември записникот од комисијата што го спроведе изборот се најде пред членовите на разгледување. Комисијата за избор констатирала дека во неколку избирачки места не е испочитувана процедурата за текот и времето на отпочнување и завршување на гласањето согласно на закон. Ова е направено самоиницијативно од изборните одбори во овие избирачки места кои гласањето го прекинале пред 15 часот, третирајќи ги судиите кои не гласале како да се отсутни од работа, иако се работи за законско право на гласање, истите требале да чекаат до 15 часот кога завршување гласањето и се затвараат избирачките места. Оваа ситуација не влијаела врз изборните резултати.5 Немало ниту еден приговор пред комисијата за оневозможување на гласачкото право.




Бројот на запишани судии во изводот од Судскиот изборен именик на ниво на Република Македонија како изборна единица изнесува 511

| Бројот на гласови што ги добил секој кандидат : | |
|---|---|
| 1. Назиф Илијази, судија на Основен суд Тетово | 18 |
| 2. Насер Хаџи-Ахметагиќ, судија на Основен суд Скопје I | 88 |
| 3. Сафет Кадрии, судија на Апелационен суд Скопје | 33 |
| 4. Сашко Георгиев, судија на Основен суд Штип | 152 |
| 5. Сулејман Мемети, судија на Основен суд Скопје I | 75 |
| 6. Ќенанзија Мехмед, судија на Апелациskiот суд Скопје | 87 |

5 Извештај на Комисијата за спроведување на избор на член на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија

- Во текот на септември се донесе одлука да се распишат избори за 6 нови членови на Судскиот совет, чиј мандат истекува на 18.12.2018 година, од кои пет се од редот на судиите и еден е од редот на истакнатите правници, а се избира по предлог на Претседателот на РМ.
- Иако до ССРМ, уште во декември 2017 година беше доставен Извештајот за (зло)употреба на АКМИС-от, изготвен од независна работна група која ги направи потребните истражувања, сепак, и по завршувањето на овој извештаен период, не се видиливи какви било преземени дејствија од ССРМ, со цел утврдување и отстранување на неправилности. Ова е показател за недоволната ефективност во овој дел, што негативно придонесува за независноста на судството за која треба да се грижи ССРМ.
- По објавениот шест месечен Извештај од СЈО, во кој неколку судии јавно, со име и презиме, беа посочени дека ја извршувале судиската функција без морален интегритет, ССРМ не презема ниту едно дејствие со цел заштита на независноста на судството.

## Графикон со бројот на преставки






- Согласно со законските надлежности, ССРМ е должен најмалку еднаш месечно да расправа по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите. Може да се забележи дека најчесто претставките и поплаките се одбиваат како неосновани или пак се отфрлени, бидејќи Советот не е надлежен да постапува по некои од нив, но и странките немаат соодветно познавање во кои случаи и врз кои основи се поднесува претставка до ССРМ.

- Содржината на претставките и поплаките претежно се заснова на жалбени наводи, најчесто нема јасни причини за несовесно и нестручно работење на судијата или претседателот на судот и не се приложуваат докази за истото.

- Став на ССРМ е дека нивната улога не е да навлезат во делот на судското одлучување, бидејќи за тоа се надлежни повисоките судови, особено кога станува збор за правосилно донесена пресуда

Институтот за човекови права изготви мобилна апликација за следење на работата на Судскиот совет. Апликацијата може да ја преземете БЕСПЛАТНО на Google Play Store и на Apple Store под името „Судски совет под лупа". Тука ќе ги најдете сите тековни информации и квартални извештаи изработени во рамките на проектот „Зголемен јавен надзор врз работата на Судскиот совет на РМ".

ANDROID APP ON Google play

Available on the App Store